Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-215/5
Датум: 17-04-2025

Постапувајќи по претставката бр. 08-215/1 од 14.02.2025 година, поднесена од [redacted]о име на [redacted]од Тетово, татко на малолетното дете [redacted] од Тетово, против Јавна здравствена установа – Клиничка болница Тетово, претставувана од медицински директор д-р Агим Бериша, за заштита од дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на пристапот до здравствени услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК
### за отфрлање на претставка

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-215/1 од 14.02.2025 година, поднесена од [redacted], во име на [redacted] од Тетово, татко на малолетното дете [redacted] од Тетово, против Јавна здравствена установа – Клиничка болница Тетово, претставувана од медицински директор д-р Агим Бериша, **ПОРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.**

### Образложение

На 14.02.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст „**Комисијата**") беше поднесена претставка од [redacted] во име на [redacted] од Тетово, татко на малолетното дете [redacted] од Тетово, за заштита од дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на пристапот до здравствени услуги, сторена од страна на Јавната здравствена установа – Клиничка болница Тетово (во понатамошниот текст: "**ЈЗУ КБ – Тетово**"), претставувана од медицинскиот директор, д-р Агим Бериша.

Во претставката подносителот наведува дека на 12.02.2025 година во попладневните часови малолетно лице – [redacted] од Тетово, било жртва на несреќен случај заради тоа што врз него паднала масивна врата на Авто мото Сојузот на Македонија. детето итно било пренесено во ЈЗУ КБ – Тетово, каде му била укажана прва помош. Сепак и покрај сериозноста на неговата состојба, во претстваката се наведува дека детето било испратено на домашно лекување, без соодветна дијагностика и дополнителна медицинска грижа. Семејството сепак инсистирало на хоспитализација, но медицинскиот персонал без да ги наведе објективните медицински причини, одбиле да го задржат детето во болницата. Дури по

неколкучасовна расправија и интервенција на полицијата детето примило инфузија, а како резултат на ненавремена и несоодветна медицинска интервенција, неговата здравствена состојба дополнително се влошила по што било итно префрлено на Клиничкиот центар во Скопје. Согласно наведеното подносителот наоѓа дека на овој начин се повредени неколку одредби од Законот за спречување и заштита од дискриминација, па бара од Комисијата да утврди дискриминација врз основа на етничка припадност, да препорача мерки за елиминирање на дискриминаторските практики во болницата, понатаму да даде препорака за воведување на задолжителни обуки за медицинскиот персонал поврзани со културна сензитивност и недискриминаторски третман на пациентите Роми и да воспостави механизам за редовно следење и известување за случаи на дискриминација во здравствениот систем.

По разгледување на претставката и списите приложени кон истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај нема надлежност за постапување, а во согласност со член 21 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Имено, Комисијата нема надлежност да цени дали одредени превземени медицински мерки и дејствија од страна на здравствени работници – доктори специјалисти биле соодветни и доволни во третирањето на одредена здравствена состојба. Ова дотолку повеќе доведено во корелација со одредена дискриминаторска основа како би се исполниле елементите на акт на дискриминација онака како е таа предвидена со член 6 од Закон за спречување и заштита од дискриминација. Следствено, Комисијата го упатува подносителот да се обрати и заштита на правата да побара пред надлежните органи – Министерство за здравство на Република Северна Македонија и Лекарската Комора на Република Северна Македонија.

Со оглед на наведеното, се одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје,
15.04.2025 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- [redacted]
- Архива на КСЗД


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk